**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-337
25.08.**2021 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), во врска со член 98 став 2 од истиот Закон, член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија" бр.56/15), точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор наш арх.бр.10-2819/1 од 26.07.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-3165/13 од 24.08.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 23-та седница одржана на 24.08.2021 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) КТВ ДООЕЛ Кавадарци, заради извршена повреда на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (ПНРТ), на начин што во рамките на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 8 јули 2021 година, во забавно – документарните емисии „ВИП на еден ден", „Од кое село е баба ти" и „Мастраф муабет", беа емитувани поп-ап / реклами на поделен екран, меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2819/1 од 26.07.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПНРТ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 98 став 2 од ЗАВМУ правилата за новите рекламни техники ги пропишува Агенцијата, а согласно 14 став 4 од ПНРТ, меѓу две вметнувања реклами на поделен екран треба да помине период од најмалку 15 минути.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 26 јули 2021 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, емитуван на 8 јули 2021 година, на регионално ниво, при што констатираше прекршување на членот 98 став 2 од ЗАВМУ и на членот 14 став 4 од ПНРТ.

Со надзорот е констатирано дека во изданијата на забавно-документарните емисии „ВИП на еден ден“, „Од кое село е баба ти“ и „Мастраф муабет“, беа емитувани поп-ап / реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2819/1 од 26.07.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци на 27.07.2021 година, испрати Допис наш Уп1 бр.03-337 од 27.07.2021 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2819/1 од 26.07.2021 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и ПНРТ. Во предвидениот рок, ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци достави писмено Изјаснување бр.0401-34 од 03.08.2021 година (наш Уп1 бр.03-337 од 03.08.2021 година) за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и на ПНРТ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 24.08.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено Изјаснување бр.0401-34 од 03.08.2021 година (наш Уп1 бр.03-337 од 03.08.2021 година) и заклучи на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 98 став 2 од истиот Закон, член 14 став 4 од ПНРТ, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2819/1 од 26.07.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-3165/13 од 24.08.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите на ЗАВМУ и ПНРТ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата, на седницата одржана на 24.08.2021 година донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПНРТ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2819/1 од 26.07.2021 година.

**Доставено до:**

- ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци;
- Управителот на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци;
- Одговорно лице на програмата во ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE SHKUP

| Примено / Pranuar: 26.07.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 10 | 2819 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци;
3. **Период опфатен со надзорот:** 8 јули 2021 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 јули 2021 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, емитуван на 8 јули 2021 година, на регионално ниво, **констатирани се прекршувања** **на членот 98 став 2** (*услови за рекламирање и телешопинг*) од **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** односно на **членот 14 став 4** од **Правилникот за нови рекламни техники** (*рекламирање на поделен екран*).

Во изданијата на забавно-документарните емисии „ВИП на еден ден", „Од кое село е баба ти" и „Мастраф муабет", беа емитувани поп-ап / реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

**8 јули 2021 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитувањето | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| **Рекламирање на поделен екран** | | |
| **„ВИП на еден ден" -** *забавно-документарна емисија* | **04:33:00** | **05:04:31** |
| *АРИС* | 04:42:40 | 04:42:47 |
| *SwissLion* | 04:46:40 | 04:46:48 |
| *Авто Чајка* | 04:47:53 | 04:48:14 |
| *Трим и Лум* | 04:57:05 | 04:57:12 |
| *Линеа* | 04:59:40 | 04:59:53 |
| **Опис на прекршувањето:** Во наведената програмска целина се емитувани поп-ап / реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути; | | |

**8 јули 2021 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитувањето | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| **Рекламирање на поделен екран** | | |
| **„Од кое село е баба ти" -** *забавно-документарна емисија* | **05:07:45** | **05:57:04** |
| *Сковин* | 05:11:02 | 05:11:02 |
| *Витаминка* | 05:11:15 | 05:11:22 |
| *Сковин* | 05:12:24 | 05:12:31 |
| *Авто Чајка* | 05:12:58 | 05:13:17 |
| *Мебел Ви* | 05:13:38 | 05:13:47 |
| *Fashionel* | 05:13:53 | 05:13:58 |
| *Fashionel* | 05:22:39 | 05:22:59 |
| *Витаминка* | 05:25:02 | 05:25:10 |
| *Елит кафе* | 05:26:06 | 05:26:14 |
| *Авто Чајка* | 05:30:47 | 05:31:04 |
| *Витаминка* | 05:33:03 | 05:33:11 |
| *Сковин* | 05:45:16 | 05:45:20 |
| *Елит кафе* | 05:56:33 | 05:56:41 |
| **Опис на прекршувањето:** Во наведената програмска целина се емитувани поп-ап / реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути; | | |

**8 јули 2021 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитувањето** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **Рекламирање на поделен екран** | | |
| **„Мастраф муабет" -** *забавно-документарна емисија* | **10:49:19** | **11:35:27** |
| *Бицијани* | 10:51:40 | 10:51:50 |
| *Елит кафе* | 10:51:50 | 10:52:00 |
| *Филеви* | 10:52:02 | 10:52:10 |
| *Авто Чајка* | 10:52:11 | 10:52:21 |
| *УАЗ* | 11:05:27 | 11:05:35 |
| *Млекара Ѓоргиеви* | 11:34:15 | 11:34:24 |
| *Сковин* | 11:34:24 | 11:34:34 |
| **Опис на прекршувањето:** Во наведената програмска целина се емитувани поп-ап / реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути; | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники**, на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, емитуван на 8 јули 2021 година, во забавно-документарните емисии: „ВИП на еден ден", „Од кое село е баба ти" и „Мастраф муабет", беа емитувани поп-ап / реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***